## ЗАЕДНИЧКА ДЕКЛАРАЦИЈА НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА МЕДИУМИТЕ И НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Претставниците на медиумите и на невладините организации,
сфаќајќи ја својата единствена и незаменлива улога што ја имаат како главни чинители во граѓанското општество во борбата против корупцијата, гледајќи се себеси како составен дел од вкупните заложби за превенција и спречување на корупцијата во Македонија и свесни за потребата од унапредување на меѓусебната соработка, се заложуваат:

- поактивно да соработуваат во борбата против корупцијата, така што медиумите ќе ги користат повеќе во своите известувања експертизата, истражувањата и сознанијата на невладините организации, а невладините организации, од своја страна, ќе ги вклучуваат редовно медиумите во своето делување - од креирањето на своите програми и проекти сè до нивната реализација,
- да работат врз подобрување на способноста и вештините на своите кадри за поголема вклученост во борбата против корупцијата преку обуки и размена на добри практики со други земји,
- заеднички да им даваат поддршка на генералните напори, заложби и политики за борба против корупцијата во земјата,
- да продолжат да бараат од властите на сите нивоа да бидат посветени на борбата против корупцијата,
- да вршат мониторинг врз работата на јавните служби и да ја известуваат јавноста за резултатите,
- да вршат притисок за транспарентност, одговорност и отчетност во работењето на државните институции и другите центри на моќ и
- да ги канализираат информациите, потребите и сознанијата од граѓаните до државните институции, за дизајнирање соодветни стратегии и спроведување ефектни антикорупциски политики.

Во Скопје,
на 7 февруари 2012 година